**ЗАПИСНИК**
**од 34-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 26.11.2021 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Ѓорѓе Цундов, управител на ТВ Нова од Гевгелија

Г-дин Петрушевски ја отвори 34-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:16 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 33-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 17.11.2021 година.
2. Предлог-одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија.
3. Предлог-одлука за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО АКТУЕЛ Битола ДООЕЛ.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 33-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 17.11.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски ја образложи предложената одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија. Објасни дека овој радиодифузер има дозвола за телевизиско емитување на локално ниво на општина Гевгелија, Валандово, Богданци и Дојран. Покрај другите обврски од Законот овој радиодифузер треба да ги исполни условите и од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување. Во таа насока овој радиодифузер треба да има најмалку 5 вработени од кои тројца со ВСС да бидат вработени како новинари. Агенцијата се обрати до овој радиодифузер на 14 септември оваа година да достави податоци за бројот на вработените во рок од 7 дена, но од страна на радиодифузерот немаше допис и со тоа требаше да се започне постапката за одземање на дозволата. Со оглед на фактот дека се одржуваа Локални избори, а овде станува збор за локален медиум, се договориле со Секторот за стратешко планирање и авторски права, до завршување на изборниот процес да не се започнува постапка за одземање на дозволата на овој радиодифузер за неисполнување на минималните кадровски услови. По завршување на изборите повторно му е испратен допис на ТВ Нова и радиодифузерот до денешен ден ја нема доставено потребната документација за бројот на вработени во телевизијата. Како информација во однос на тоа што го даде како образложение сопственикот на ТВ Нова, рече дека не му се бара никаков прекршок ниту нова причина за да му биде одземена дозволата. Агенцијата за овој радиодифузер има отворено постапка за утврдување на постоење недозволена медиумска концентрација за која што радиодифузерот е информиран. И таа недозволена медиумска концентрација доколку не му биде одземена дозволата ќе мора да биде отстранета, бидејќи во спротивно тоа ќе значи покренување на постапка за одземање на дозволата. Посочи дека не се измислуваат никакви прекршочни, туку таа постапка е подолга и за таа постапка е известен радиодифузерот и во однос на овој предмет нема никаква промена во однос на она што е констатирано од страна на Стручната служба и потврдено од страна на Советот на седница. Заради тоа што не ги исполнува минималните кадровски услови од Правилникот се предлага до Советот на радиодифузерот да му се одземе дозволата за телевизиско емитување на локално ниво.

Г-дин Петрушевски рече дека ваков тип на точки на дневен ред се многу непријатни, без разлика за кој радиодифузер да се работи. Секогаш како Совет и како Агенција вложувале напори, максимум да им се помогне за да продолжат да егзистираат. Две години station наназад и финансиски им се помогна, а исто така и оваа година со доста големи средства за Агенцијата како институција ќе има донација. Разбира дека на сопственикот сигурно му е мака и жал што долги години работела телевизијата и сега ќе мора да ја затвори од финансиски причини. Убеден е дека доколку имало начин да му се помогне, Советот и Агенцијата ќе го направеле тоа.

Г-дин Фиданоски рече дека внимателно го ислушал образложението на г-дин Џундов искажано на 4-та Јавна седница. Рече дека жали што се одлучил за ваков потег да го затвори медиумот. Има целосно разбирање за мотивите на неговата одлука бидејќи сигурно знае во изминатите години на неговото работење како е да се преживува на македонската медиумска сцена. За него сите локални медиуми кои што функционираат се значајни затоа што помагаат во развивањето на демократскиот амбиент во општеството покрај тоа што и го збогатуваат медиумскиот плурализам.

Според негово мислење општина Гевгелија е една од поважните општини во смисла на флуктуација на луѓе не само заради мигрантската криза туку и заради проток на луѓе особено од јужниот сосед што значи дека е потребно да има информации што и како тамо се случува за одредени работи. Жали што еден битен извор за овие информации сега ќе недостасува и рече дека ќе се повтори со искажувањето на г-дин Петрушевски и г-дин Трајчевски, сè што е во рамките на Советот и на Агенцијата како регулатор, сè што е во нивна моќ да им помогнат на медиумите го прават. Кога почна кризата предизвикана од пандемијата со Ковид 19, регулаторот излезе во пресрет со чекори кои што значат олеснување за тешката положба на сите медиуми во Македонија со тоа што се ослободуваат од партиципацијата две години по ред, потоа и Владата се придружи кон таа помош. Посочи дека исто така Агенцијата и за следната година планира за 50% да се намали партиципацијата за годишниот надоместок, максималниот можен дисконт е даден за да им се олесни положбата и на тој начин помагаат на медиумите да можат да се снајдат во овие комплицирани времиња. Но, сепак Агенцијата е и регулатор кој треба да го спроведе Законот и да има еднаков аршин спрема сите радиодифузери. Во изминатите години, неколку радиодифузери, локални пред се, како што е Телевизија Нова од Гевгелија се најдоа на Дневен ред на седница на Советот и поради исти или слични причини, Советот не може да постапи поинаку освен да го почитува Законот поради тоа што радиодифузерот не ги исполнува условите и да донесе одлука со која ќе му ја одземе дозволата.

Г-дин Ајдини рече дека внимателно го ислушал образложението на сопственикот на ТВ Нова од Гевгелија и рече дека прво ќе го поздрави начинот на кој го даде своето образложение, за храброста и доблеста да се појави на 4-та Јавна седница. Советот имаше неколку случаи каде што требаше да се појават претставници на медиумите меѓутоа немаше од нивна страна интерес да си ја образложат нивната ситуација. Ниту за Агенцијата како институција не е добро да згаснат медиумите меѓутоа како регулаторно тело мора да го почитува Законот и Советот да работи согласно неговите овластувања. Жали што претежно згаснуваат телевизии на локално ниво. Тоа го потенцираше и директорот дека локалните медиуми се доста важни за локалното население низ сите градови во Македонија. Имајќи ја предвид економската ситуација во нашата држава претежно згаснуваат локалните медиуми. Наведе дека Агенцијата и Советот изминатите години се однесуваа како партнери со медиумите, никогаш не се однесувале со авторитет, Агенцијата и Советот секогаш со медиумите се однесувале колегијално и коректно. Жал му е што овој медиум згаснува и секогаш ќе му биде тешко кога ќе се најдат во ваква ситуација за одлучување на одземање на дозвола на медиум.

Г-дин Трајчев рече дека и нему му е навистина жал што се доведуваат во една ситуација да носат ваква одлука со која згаснува еден медиум. Дигиталните медиуми го намалуваат маркетиншкиот колач и ја отежнуваат целата ситуација. Многу пати Советот предлагал и правел одредени работи со цел да им помогнат на радиодифузерите но како регулатор Законот е еднаков за сите и мора да го почитуваат. Многу му е жал што ќе мораат да донесат една ваква одлука. Објасни дека повеќе го фрапирало нешто друго во излагањето на самиот сопственик, а тоа е ситуацијата што ја навел со однесувањето на вработен од службата. За него тоа е фрапантно сознание, а надлежноста на работењето во Агенцијата е на директорот. Во таа насока даде еден предлог, а тоа е да се испита целата оваа ситуација со цел да не се повторува понатаму и да се утврдат фактите кои ќе кажат како се однесувале вработените и не смеат како Агенција да дозволат тоа да се случува. Сега бидејќи имаат сознанија предложи да се

донесе еден заклучок за да се утврдат овие факти, да се формира комисија и да се утврди однесувањето и професионалноста на вработените на Агенцијата. Смета дека ова е најмалку што може да се направи во оваа ситуација, доколку тоа е вистина да се преземат соодветни мерки и да се подигне нивото преку овој пример на начинот на комуникација на вработените со сите чинители. Во овој момент ова е неговиот предлог, понатаму доколку се развие дискусија го задржува правото повторно да се јави за дискусија.

Г-дин Петрушевски рече дека 6-те члена на Советот и директорот се јавни личности и доколку некој зборува за нив негативно должни се тоа да го истрпат. Вработените и управителот на телевизијата од друга страна не се јавни личности и должни се да ги заштитат во смисла на нивните лични податоци. Ова е јавен настан, но сепак не треба да се шири дискусијата, директорот си ја води службата и верува дека е во тек. Советот ја слушна само едната страна на г-дин Џундов, и сега доколку се сослушува и другата страна, може да навлезат во непотребни дискусии. Тој не би го правел тоа и остави можност да се изјасни директорот и останатите членови на Советот, дали сега е исправно од вработените што се сега присутни тие да се правдаат и објаснуваат, секогаш е убаво да се слушнат сите страни. Од аспект дека тие се јавни личности а останатите не се, во тој поглед сака да остави слобода на директорот да одлучи и да ја испита целата оваа работа и верува дека овој случај го има веќе проверено.

Г-дин Трајчевски рече дека нема да навлегува и да го коментира образложението на сопственикот на ТВ Нова од Гевгелија. И г-дин Трајчев и другите членови на Советот може да дојдат во Агенцијата и да разговараат за тоа што е кажано од страна на г-дин Џундов. Може да се дискутира за тоа, но темата на денешната седница не е начинот на комуникација. Како информација наведе дека телефонското јавување е од страна на г-дин Џундов кон вработената, а не вработената кон него. Повтори дека секогаш може да се дојде во Агенцијата да се разговара и да се добие комплетна слика што точно се случува не само по овој предмет туку по било кој друг предмет.

Г-дин Петрушевски рече дека би се задржал на последниот параграф од одлуката која е предложена да се гласа, во која е наведено дека согласно Законот имателот на дозволата може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот кога ќе ја прими одлуката. Објасни дека до сега имало вакви случаи и во сите случаи и судот и Агенцијата не правеле „проблем“, ако судот одлучи да му се врати дозволата на радиодифузерот. Имателот на дозволата ќе го чини малку повеќе пари од договорите што ќе ги склучи потенцијално со некој новинар. Ако г-дин Џундов има можност или се случи некој пресврт во следните 30 и некој ден, може да го поврати медиумот ако се одлучи да го работи. Но, слушнале дека има уште еден бизнис кој што пречи во работењето на телевизијата. Ова е вистинската насока на работите, а не да се испитува вработениот дали згрешил, тоа не е во надлежност на Советот, тоа е на директорот. Објасни дека во принцип има голема доверба во Стручната служба, таа е високо професионална, една од подобрите служби во државата, кај што комуницирал, кај што работел, навистина се извонредни луѓето, како што кажал и г-дин Џундов се работи за докторанти, магистри, половината се со многу високо образование и се за секоја пофалба од тоа што тој го гледа.

Г-дин Трајчев рече дека јасно предложил, не предложил сега да дискутираат. Како член на Совет бара директорот да му достави информација на него или евентуално

на сите членови на Советот за настанот. Да го испита, да провери, да утврди факти кои што се од значење. Добиле сознание што за него било фрапантно, да се провери тоа, и да даде извештај на една од наредните седници што се случило, како се случило и дали се работи за непрофесионално однесување на некој од Агенцијата. Смета дека тоа треба да го бараат, а друга работа е за самата точка како ќе се постапува.

Г-дин Петрушевски рече дека ова не е предлог што сега Советот треба да го гласа, ова е работа упатена од г-дин Трајчев до директорот на Агенцијата. Неговиот став не е глобално да носат некоја одлука пред време, има време директорот, можеби и сега има сознанија, но не е во ред сега да ги објаснува. Тоа ќе се расчисти дополнително на друга седница или во комуникација помеѓу директорот и г-дин Трајчев. Побара она што го кажал во однос на правната поука до г-дин Џундов, кога ќе му се достават документите да му се објасни и можноста како може да ја зачува телевизијата.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување, бр.08-43 од 05.01.2015 година на Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија, затоа што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, односно поради тоа што радиодифузерот не ги исполнил минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

Секторот за правни работи и јавни набавки да ги извести ОЈЕКМ со кој радиодифузерот има склучено договор дека Советот на Агенцијата донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

Г-дин Петрушевски по гласањето наведе дека останува можноста имателот на дозволата да го поврати медиумот со тужба пред Управниот суд во рок од 30 дена од кога ќе ја прими одлуката, за да може да се спаси медиумот бидејќи не е убав настан ниту за државата ниту за Агенцијата.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО АКТУЕЛ Битола ДООЕЛ. Објасни дека станува збор за радио кое емитува програма на локално ниво во Битола. И тој не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, односно да има тројца вработени од кои што двајца треба да бидат со ВСС вработени како новинари. Во комуникација со радиодифузерот била Агенцијата, испратени се дописи, но од страна на радиото не е постапено по дописите

и барањата на Агенцијата. И затоа се предлага да се одземе дозволата на овој радиодифузер.

Г-дин Петрушевски рече дека заради финансиски причини и други лични причини овој мал медиум е доведен во ситуација да згасне.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување, бр.08-86 од 05.01.2015 година на Трговското Радио-дифузно Друштво РАДИО АКТУЕЛ Битола ДООЕЛ, затоа што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, односно поради тоа што радиодифузерот не ги исполнил минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

Г-дин Петрушевски рече дека исто и за овој радиодифузер, ако се случи некој финансиски пресврт ќе има можност во наредните 30 и неколку дена со тужба пред Управен суд да го поврати медиумот и верува дека ни судот ни Агенцијата нема да направат проблем тоа да се реализира.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше точки под разно.

**Бр. 02-4259/4**
**29.11 2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**